СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шестото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 јануари 1993 година

Скопје, јануари 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД VI-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 53-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНА НА 12 ЈАНУАРИ 1993 г.**


| | |
|---|---|
| 1. АНДОВ СТОЈАН - стр.1, 3 | (Закон за задолжување на Република |
| 2. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 3 | Македонија во странство - |
| 3. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО – 1 | итна седница) |


ПРОДОЛЖУВА

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од 6-тото продолжение на 53-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 јануари 1993 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Панче Насев, Наум Симјановски, Никола Апостоловски, Ристо Станковски, Љупчо Поповски Душко Ѓорѓески и Бранко Арсовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството на пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Ве молам, во меѓувреме, вчера, добивме барање за итна седница од страна на Владата и тие предлози, сега ќе ги образложи господинот Бранко Црвенковски, претседател на Владата на Република Македонија.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед на фактот дека за денес е закажано продолжување на 53-тата седница на Собранието на Република Македонија за која што дневниот ред е утврден од поодамна, а и непостоењето на деловничка можност за уфрлање на итни точки на дневен ред во текот на работата по една седница, би сакал да ве информирам за ставот на Владата на Република Македонија, а тоа е да се

свика итна седница, на која што би се разгледало пред се, Законот за задолжување на Република Македонија во странство. Тој ви е доставен по писмен пат и имавте можност да се запознаете, денес имате и неколку амандмани од страна на Владата кои што на тој начин стануваат и составен дел на текстот на законот.

Околу законот не би образлагал ништо, само сега би кажал нешто околу ургентноста, итноста затоа што тоа го велиме од едноставна причина што се додека не се донесе законот во Собранието нема можност од реализација на кредитот. Со оглед на тоа дека дел од тој кредит треба да биде и во нафта а сосема е јасно во каква ситуација сме од аспект на снабдување со нафтени деривати, енергенти итн. оценуваме дека е многу битно ургентно да се свика седница на Собранието на Република Македонија, да се донесе овој закон како би можела Владата потоа во рамките на своите овластувања, ингеренции да пријде кон реализација на тој кредит и преземањее на можностите што тој ги дава.

Притоа, исто така, би сакал да информирам дека паралелно со овој закон доставена е до вас информација во врска со досега преземените активности и моменталните состојби околу приемот на Република Македонија во меѓународните финансиски институции, пред се во меѓународниот монетарен фонд. Меѓу другото тоа на еден начин би претставувало и одговор на иницијативата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ која имаше една таква иницијатива доставено и до Владата и до Собранието за посебна точка за расправа така да би можело да се искористи самата седница на Собранието да се погледа таа информација и евентуално доколку во собраниската процедура или има некои други точки кои што бараат ургентно ставање на дневен ред би можеле да ја искористиме таа седница.

Ова од причини што 53-тата седница малку ни се развлече и разбирливо е со огромниот број на точки што беа во дневниот ред за таа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам за момент да не продолжување со 53-тата седница. Да минеме на 54-тата седница, а закажаната 54-та седница ја именуваме во 55-та седница. Затоа е потребно, со оглед на ова барање на претседателот на Владата, Собранието не смее да се јави како фактор на кочење на тие иницијативи, предлагам сега да направиме една куса пауза, да се подготват актите по кои јас ја водам постапката за таа 54-та седница и евентуално комисиите да искористат можност тие акти што сега ги спомна претседателот на Владата доколку не ги гледале денес да ги погледаат. Предлагам пауза од половина саат.

Господин Стефовски бара збор. ' Сега не зборуваме за дневен ред. Се што имате тогаш ќе кажете, кога ќе почне седницата, а сега не сме ја отвориле таа седница.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, пред почетокот на последното продолжение на 53-тата седница се доби еден допис во кој што се пишуваше за одредена неактивност од страна на надлежните органи на Републиката во врска со нашето меѓународно признавање односно со приемот во ОН. Бидејќи тоа беше раширено меѓу пратениците сметам дека е исто така од итно значење да се даде информација за активностите околу приемот на Република Македонија во обединетите нации.

Исто така во вчерашното договарање со претседателот Андов инсистиравме да како точка на оваа 54-та седница се даде информација од

Владата во врска со рестрикциите кои што се .воведуваат со електричната енергија. Сметаме дека овие две работи, две прашања се итни имаа нешто за расправа на оваа седница што се предлага денес. Во однос на рестрикциите ние рековме да биде писмена информацијата, меѓутоа итноста налага и една расправа и давање на усна информација од страна на надлежното министерство на оваа седница.

Сметам дека во смисла на ова што го предлагам треба да се дополни 54-тата седница, соодветно и 4-та точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, сега пауза, а постапката за утврдување на дневен ред ќе ја водиме тогаш кога ќе ја отвориме 54-тата седница.

Паузата започна во 11,45 часот.